**З А П И С Н И К бр. 55**

Од одржаната 55-та редовна седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 24.09.2020 год. со почеток во 12:30 ч, во салата за состаноци во Зрновци. Седницата започна со сите советници освен Душко Горгиев. Останати присутни: Методи Николов, Верица Савева и Благој Данев.

На седницата беше предложен следниот:

**Предлог Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Усвојување на записникот од 54-тата седница,**
2. **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ Бисерчиња с.Зрновци за период 2019/2020,**
3. **Одлука за усвојување на Годишната програма за работата на ЈОУДГ Бисерчиња – Зрновци за 2020/2021 година,**
4. **Повторно разгледување и одлучување по одлуката за давање на согласност на изменување и дополнување на Статутот на ЈОУДГ Бисерчиња – Зрновци ( Прилог решение за запирање),**
5. **Повторно разгледување и одлучување по Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на општина зрновци ( Прилог решение за запирање),**
6. **Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Карбинци,**
7. **Одлука за преостапување на користење, стопанисување и одржување на моторно возило за собирање на комунален отпад марка ИВЕКО со идентификационен број ZCFCA70B005343486 на КЈП Водна Кула Зрновци**
8. **Разно**

Тек на седницата: Претседателот отвори дискусија по дневниот ред. Јохан Горгиев се јави за збор и забележа зошто недостасуваат решенијата по точките 3 и 4. Методи Николов појасни дека станува збор за одложена седница ( 32-рата од 28.06.2019) и дека овие точки се продолжение на таа седница а останатите си продолжуваат од 55-тата. Дневниот ред беше усвоен со 8-ЗА гласа.

1. **Усвојување на записникот од 54-тата седница,**

Претседателот отвори дискусија по записникот. Никој не се јави за збор. Записникот се усвои со 8-ЗА.

2. **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ Бисерчиња с.Зрновци за период 2019/2020,**

Претседателот отвори дискусија по точката, се иззема од гласањето по сите точки кои се однесуваат на ЈОУДГ Бисерчиња и даде збор на директорката Верица Савева. Таа накратко го појасни извештајот. Виктор Новков праша за новите вработени негователки. Му беше одговорено дека станува збор за Сања Горгиева и Ивана Станкова. Извештајот беше усвоен со 7-ЗА гласа.

3. **Одлука за усвојување на Годишната програма за работата на ЈОУДГ Бисерчиња – Зрновци за 2020/2021 година,**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на директорката**.**Таа накратко ја појасни програмата и се осврна и на работата при пандемија. Одлуката беше донесена со 7-ЗА.

4. **Повторно разгледување и одлучување по одлуката за давање на согласност на изменување и дополнување на Статутот на ЈОУДГ Бисерчиња – Зрновци ( Прилог решение за запирање)**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на Верица Савева. Таа укажа дека промените се само во член 6, 21 и 60 односно во промената на името на државата и условите за директорот на установата.Виктор Новков праша зошто за директор стои да има 240 кредита или VII1 степен. Му беше одговорено дека е така според инструкциите од Министерството. Одлуката беше донесена со 6-ЗА и 1 воздржан.

5. **Повторно разгледување и одлучување по Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на општина зрновци ( Прилог решение за запирање),**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на Методи Николов. Тој кажа дека промените се само во измена на името на државата. Одлуката беше донесена со 5-ЗА и 3 против.

6. **Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Карбинци,**

Претседателот отвори дискусија по точката и даде збор на Методи Николов кој кажа дека според процедурата треба да се формира комисија која ке ги подготви сите акти. За збор се јави Благој Данев кој кажа дека на еден од семинарите за МОС било споменато дека постои разлика помеѓу формирање на заедничко административно тело каде и двете општини треба да ги изменат своите систематизации и само договор за „купување“ односно „продавање“ на услуги од еден или повеќе административни службеници. Одлуката беше донесена со 8-ЗА гласа.

7. **Одлука за преостапување на користење, стопанисување и одржување на моторно возило за собирање на комунален отпад марка ИВЕКО со идентификационен број ZCFCA70B005343486 на КЈП Водна Кула Зрновци.**

Претседателот отвори дискусија по точката. Немаше дискусија и одлуката беше донесена со 8-ЗА.

8. **Разно**

Претседателот отвори дискусија по точката.

За збор се јави Виктор Новков кој кажа дека Владо Ристов поради конфликт на интереси си плати казна но што станува со Претседателот на УО на Градинката и неговите одлуки кога таму е вработена и неговата сопруга Сања Горгиева. Тој истотака забележа зошто на документот од градинката во неговиот материјал нема печат. Уште еднаш побара материјалите кои се праќаат на советниците да бидат комплетни.

Состанокот заврши во 13:49

**Записничар** — **Претседател на Совет на општина Зрновци**
**Благој Данев** — **Владо Ристов**



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)